**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмологија (Историја и теорија на филм), 60802 Фраскатиева класификација,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмологија**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Атанас Чупоски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Горан Наумовски,**
**Проф. Владимир Стојчевски,**
**Проф. Роберт Јанкулоски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Атанас Чупоски, роден во 1969 г. во Скопје, е писател и поет, сценарист и режисер, компаратист и филмолог, доктор на филолошки науки и магистер на аудивизуелни уметности.
Дипломирал во 1998 г. на катедрата по општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на Универзитот „Св. Кирил и Методиј". На истиот факултет во 2010 г. магистрирал на тема: „Христијанските слики и симболи и нарацијата во филмовите на А. А. Тарковски" и во 2017 докторирал на тема: „Иницијација и Покајание: доминантни топоси во наративниот дискурс на рускиот филм на XXI век". Магистрирал во 2021 г. филмска и ТВ режија на ИУ „Еуропа прима" во Скопје.

Автор е на поетската книга „Концерт на труба во дур" (објавена во 2007 г.), на споменатата филмолошко-наратолошката студија „Христијанските слики и симболи и нарацијата во филмовите

на А. А. Тарковски“ (објавена во 2012 г.), на збирката раскази „Старинарница *Балкан*“ (од 2014 г.), на книгата поезија „Der Wanderer“ (објавена во 2015 г) и на филмолошко-наратолошката студија „Иницијација и покајание - доминантни топоси во наративниот дискурс на рускиот филм во XXI век“ (2022 г.).

Автор е на повеќе од двесте книжевни и филмолошки студии, есеи, песни, раскази и публицистички текстови, објавени во повеќе списанија за литература, филм, уметност и култура, дневни, неделни и месечни списанија, весници и портали. Негови раскази и есеи се преведени и објавени на неколку светски јазици.Учествувал на повеќе меѓународни научни конференции и симпозиуми во земјава и во странство.

Сценарист и режисер е на седум документарни филмови што учествувале на меѓународни фестивали: „Копаничарите“ (2001), „Глас“ (2001) „Охридските трубадури“ (2005), „Скендербег и Светиград“ (2007), „35 години Кинотека на Македонија“ (2011), „Сведоци“ (2012) и „Сведоци – Канада“ (2014) и на кусометражниот игран филм „Кафез“ (2021).

Како автор потпишува и дваесетина ТВ-емисии во продукција на МРТ и стотина радиоемисии во продукција на Канал 103 и Радио Равел.

Вработен е како советник филмолог во Кинотека на РС Македонија.

Член е на Друштвото на писателите на Македонија и на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија.

**Учество на меѓународни научни конференции и симпозиуми по 2018 г.**

(2023) Презентација на научниот труд *Film Culture in Macedonia Between the Two World Wars* на научната конференција на тема “The formation of a national film culture in the Balkans and east Central Europe between the two world wars”, Институт за уметнички студии при Бугарската академија на науки – БАН, Софија, Република Бугарија.
(2019) Презентација на научниот труд *The Manaki Brothers and The Great War*, на научната конференција на тема “Knowledge Exchange in Academic Cultures through Migration between and within Europe and the Black Sea Region (Until World War I and its Aftermaths)”, Институт за национална историја/МАНУ, Скопје.
(2018) Презентација на научниот труд *Macedonian Cinematography after the fall of Communism*, на научната конференција на тема “Post-totalitarian Cinema in the Eastern European Countries - Models and Identities”, Институт за уметнички студии при Бугарската академија на науки – БАН, Велинград, Република Бугарија.
(2018) Учество во панел дискусија на тема „Трансуманизам – технократските утопии на научната фантастика: За и против“, Годишен културен форум „Традиција и континуитет“, Струга.
(2018) Презентација на научниот труд *Интертекстуално читање на играниот филм „Златна петорка“*, на симпозиумот на тема „Наративните и естетските вредности во филмот ‘Златна петорка’“, Тивериополска филмска академија, Струмица.

**Библиографија на објавени научни и филмолошки трудови по 2018 г.**

(2022) *Иницијација и покајание - доминантни топоси во наративниот дискурс на рускиот филм во XXI век*. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2022) *Искрена исповед на декларираниот атеист благодарен на Бога. Предговор кон автобиографијата на Луис Буњуел „Мојот последен здив“*, во „Луис Буњуел - Мојот последен здив“. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2022) *Артур Браунер и „Солунските атентатори“*. Линк, бр. 4. Скопје: Интернационален универзитет „Еуропа Прима“.

(2022) *36. издание на фестивалот на новореставрирани филмови во Болоња*. *Кон 36. Фестивал на новореставрирани филмови* (*Il Cinema ritrovato*), *јуни-јули, 2022*. „Кинопис“, бр. 61. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2022) *Анте Поповски и „Златната доба“ на „Вардар филм“*. „Кинопис“, бр. 61. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2022) *До крај верни на младешката љубов – филмот*. *Беседа по повод доделувањето на признанието „Златен објектив“ за особен придонес во македонската кинематографија за 2022 година на Олгица Луковска – Дончиќ и Благоја Куновски – Доре*. „Кинопис“, бр. 61. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2021) *100 години од раѓањето на големиот мајстор на европскиот филм – Федерико Фелини. Филмовите и режисерскиот стил на Фелини*. „Линк“, бр. 3. Скопје: интернационален универзитет „Еуропа Прима“.
(2021) *Илинденските „кинематограми“ на Чарлс Рајдер Нобл*. *Осврт кон книгата „Кинематографските активности на Чарлс рајдер Нобл и Џон Мекензи на Балканот – прв дел“ од Петар Крџилов*. „Кинопис“, бр. 59-60. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2021) *Отворена книга за животот и уметноста во три дела*. *Рецензија за книгата на Стојан Синадинов „Антонио Митриќески*: *Хроника на еден филмски сон“, во издание на Кинотеката на Р.С. Македонија, 2021*. „Кинопис“, бр. 59-60. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2021) *Беседа по повод „Фросина“ и „Мирно лето“*. *Седумдесет години од Почетокот на снимањето на „Фросина“ и шеесет години од реализацијата на „Мирно лето“*. „Кинопис“, бр. 59-60. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2021) *„Златен објектив“ за 2021 на филмските доајени Спасе Тасевски и Коле Манев*. *Беседа по повод доделувањето на признанието „Златен објектив“ за особен придонес во македонската кинематографија за 2021 година на Спасе Тасевски и Коле Манев*. „Кинопис“, бр. 59-60. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2021) *The Manaki Brothers and the Great War*, во “Europe and the Black Sea Region. A History of Early Knowledge Exchange (1750-1850)”. Wien, Zürich: LIT Verlag.
(2020) *Филмовите и режисерскиот стил на Фелини*. *100 години од раѓањето на големиот мајстор на европскиот филм, Федерико Фелини*. „Кинопис“, бр. 57-58. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2020) *Заразени со уметност уште од детството*. *Беседа по повод доделувањето на признанието „Златен објектив“ за особен придонес во македонската кинематографија за 2020 година на Зорка Тодорова-Младеновиќ и Коле Ангеловски*. „Кинопис“, бр. 57-58. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2020) *Анте Поповски и „Златната доба“ на „Вардар-филм“*, во „Антевото дело – непресушен изворник на мислата и на речта“ (Зборник на трудови, Лазарополе, 05.10.2019 година). Скопје: Феникс.
(2019) *Болоња*: *Филмски патопис во шест записи*. *За 33. издание на Фестивалот на новореставрирани филмови „Ил чинема ритровато“, 2019*. „Кинопис“, бр. 55-56. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2019) *Македонската кинематографија по падот на комунизмот*. „Кинопис“, бр. 55-56. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2019) *Четири децении училиште за филмска уметност*. *За 40. издание на ИФФК „Браќа Манаки“ во Битола*. „Кинопис“, бр. 55-56. Скопје: Кинотека на Република Северна Македонија.
(2019) *Руска салата*, во „Денови на рускиот филм“ (каталог). Скопје: Кинотека на Македонија.
(2019) *Macedonian Cinema after the Fall of Communism*, во “Post-totalitarian Cinema in the Eastern European Countries: Models and Identities”. Sofia: Institute of Art Studies, Bulgarian Academy of Sciences.

(2018) *Интертекстуално читање на играниот филм „Ова не е американски филм“*, „Контекст“ бр. 18. Скопје: Институт за македонска литература.
(2018) *Хронотопот во „Јад“ и „Тајната книга“. Компаративна филмолошка студија за филмскиот хронотоп во филмовите „Јад“* (*Кирил Ценевски, 1975*) *и „Тајната книга“* (*Владо Цветановски*, *2006*), „Кинопис“ бр. 53-54. Скопје: Кинотека на Македонија.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Атанас Чупоски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Вонреден професор** по група предмети од областа **Филмологија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Горан Наумовски**

_______________________________

**Проф. Владимир Стојчевски**

__________________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски**

__________________________________

**Скопје, 28.04.2023**